УПРК.бр.22/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите, м-р Есма Алибашиќ Јонуз – претседател на совет и судиите м-р Тања Терзиева и Елизабета Васкова – членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски – судски советник, решавајќи по тужбата на тужителите Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Даница Личанин-Блажеска од Скопје како одговорно лице во правното лице, поднесена преку полномошник Александар Петковски адвокат од Скопје, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.13-59/12 од 04.07.2025 година, за прекршок од заштита на конкуренцијата, вредност на спорот 637.560,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 23.12.2025 година, во отсуство на полномошникот на тужителот, уредно поканет, а во присуство на овластени претставници на тужениот орган Надица Четорошка, Јане Кука и Сања Маринов, сите од Скопје, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе и објави следната:

I

ПРЕСУДА

Тужбата на тужителите Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Даница Личанин-Блажеска од Скопје како одговорно лице во правното лице, за поништување на Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.13-59/12 од 04.07.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

РЕШЕНИЕ

Барањето на полномошникот на тужителите, за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА.

Образложение

Со оспореното решение означено во изреката од пресудата се утврдува дека тужителите Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и одговорното лице во правното лице Даница Личанин-Блажеска од Скопје, сториле прекршок по член 26 став 1 точка 1 и член 26 став 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24) за кој прекршок на правното лице му е изречена глоба во износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, а на одговорното лице во правното лице изречена му е глоба во износ од 350,00 евра во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, која сторителите се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, на соодветните уплатни сметки на Министерството за финансии – банка на примач –НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да

достават примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата, во спротивно ќе се спроведе присилна наплата.

Незадоволни од решението на тужениот орган, тужителите поведоа управен спор со предлог истото да се поништи поради суштествени повреди на одредбите на постапката, нецелосно и неправилно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право.

Во тужбата е наведено дека тужениот орган до тужителите доставил Известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-59/9 од 09.05.2025 година со прејудицирање на глобата, која би била изречена без да се причека на евентуално произнесување со забелешки по истото. Понатаму, наведено е дека Комисијата за одлучување по прекршок не го земала предвид произнесувањето на тужителите по Известувањето за утврдена фактичка состојба, туку само го користела истото за да го поткрепи своето оспорено решение. Имено, не била земена предвид реалната фактичка состојба која била во периодот од пред 2024 година до донесувањето на мерките на Владата за ограничување на бруто профитната маржа на повеќе од 1000 производи прехранбени и непрехранбени (18.02.2025 година) со која одлука се задолжиле трговците да од предвидените производи опфатени со мерката - одлуката да имаат најмалку 70% од овие групи на производи за продажба на рафтовите без оглед на се, при што на дел од производите била утврдена и највисока цена која била во можност на ден 01.02.2025 година. Оваа мерка-Одлука се однесувала за сите трговци вклучително и второтужителот РЕПТИЛ. Одлуката не засегала во тоа дали трговците имаат договори со добавувачите или не, туку дека трговците мора да имаат најмалку 70% од овие групи на производи за продажба на рафтовите без оглед на се. Непочитувањето на оваа мерка – одлука носела соодветни глоби за трговците. Овие одлуки биле општо познат факт кој не требал да се докажува и потврдува. Наведено е и дека договорите биле цитирани делумно, не во нивна целосна содржина и суштина, односно не било наведено дека речиси сите договори имаат важност дали на определено или неопределено време согласно одредбите од Законот за облигационите односи, што јасно укажувало на нецелосно утврдена фактичка состојба. Исто така, тужителите наведуваат дека по однос на договорот со друштвото МАГРОНИ биле во водење на постапка за преговори, за што постои е-маил комуникација од каде е видно дека тужителот РЕПТИЛ со друштвото МАГРОНИ има договор како и дека водел преговори со достава на договорот за деловна соработка пред 01.01.2025 година со барање за потпис од ова друштво и враќање на истиот. Фактот што друштвото не постапило во бараниот рок и не го потпишало договорот неможел да се стави на штета на тужителите, бидејќи истите си ја исполниле обврската уредно. Согласно е-маил комуникацијата тужителите сметаат дека договорот бил склучен согласно член 18 и член 23 од Законот за облигационите односи. Со оглед дека до друштвото МАГРОНИ бил доставен договорот за деловна соработка на 26.12.2024 година, неспорно произлегува дека тужителот имал неформален договор со МАГРОНИ. Согласно наведеното предложи тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи. Трошоци побара во вкупен износ од 14.930,00 денари.

Тужениот орган ги доставите списите од предметот и во одговор на тужба остана на донесеното решение, од истите причини наведени во неговото образложение. Истакна дека Комисијата за одлучување по прекршок согласно член 21 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи до учесниците во

постапката доставува Известување за дотогаш утврдена фактичка состојба, односно се што е утврдено до моментот на донесувањето на Известувањето, а во истото се определува и глоба која ќе се изрече, а не која се изрекува, по кое известување учесниците имаат можност да се произнесат, за утврдените факти и да предлагаат нови факти и докази. По однос на наводите на тужителите дека имале е-маил комуникација со друштвото МАГРОНИ и дека е склучен неформален договор, тужениот орган наведе дека договорот помеѓу РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и МАГРОНИ истекол на 31.12.2024 година, како и дека согласно член 7 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, договорот мора да биде склучен во писмена форма и да содржи јасни и недвосмислени општи деловни услови. Предложи тужбата да се одбие како неоснована.

Судот го достави одговорот на тужба до тужителот, со цел да се запознае со неговата содржина, по кој истиот не се произнесе.

Јавната расправа закажана на ден 23.12.2025 година, се одржа во присуство во присуство на овластени претставници на тужениот орган Надица Четорошка, Јане Ќука и Сања Маринов, сите од Скопје, а во отсуство на полномошникот на тужителот, уредно поканет, согласно член 40 став 3 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна усна расправа на ден 23.12.2025 година, овластениот претставник на тужениот орган, Надица Четорошка, истакна дека останува во целост кон одговорот на тужба, и предложи на насловниот суд да ја одбие тужбата во целост и да го потврди решението на Комисијата за одлучување по прекршок во целост.

Претставникот на тужениот орган, Јане Ќука, истакна дека одговорот на тужба е доставен, во него се опишани сите околности кои биле земени предвид пред да се донесе предметното решение. Појасни дека во конкретниот случај, станува збор за елементарна повреда на одредбите на Законот, чија што цел е регулирање на деловните односи помеѓу добавувачите на производи и купувачите на истите, во случајов тужителот. При контрола на спроведувањњето на одредбите од Законот, кај тужитлеот е утврдено постоење на деловна соработка без дефиниран потпишан и според одредбите од законот, важечки договор за снабдување, конкретно со добавувачот МАГРОНИ ДОО Скопје, единствениот договор кој беше ставен на увид до Комисијата, бил договорот чија важност истекла на 31.12.2024 година, а деловната соработка, т.е. снабдувањето на производи течело од страна на добавувачот кон купувачот и по овој датум, без важечки договор, кој што согласно член 7 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи е обврзувачки за сите чинители во синџирот за снабдување со земјоделски и прехрамбени производи. Согласно член 11 од Законот, Комисијата соодветно ги применува одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и од Законот за општата управна постапка, освен ако со Законот за прекршоци и со Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, не е поинаку определено. Бидејќи со член 7 од овој закон е точно определено имањето на важечки договор во писмена форма кој треба да биде потпишан помеѓу договорните страни пред да биде направена испорака на производи, смета дека било какви други толкувања на

потребата од постоење на договор во писмена форма од страна на тужителот, претставуваат само обид за избегнување на прекршокот предвиден согласно член 26 од Законот, кој што е и наведен во решението на Комисијата.

Судот, му даде на увид електронска комуникација по писмен пат помеѓу сега тужителот и Магрони, на преставникот на тужениот орган, а со цел да се запознае со содржината на истата и д асе произнесе на денешната расправа.

Претставникот на тужениот орган, по извршениот увид, изјави дека, електронската комуникација не претставува договор согласно одредбите од Законот, во истата е видно само дека договорните страни вршат преговори за нов договор или Анекс кон договор и истата видно од е-маил комуникацијата, трае и до 24.02.2025 година, иако во меѓувреме се реализира деловната соработка. Во е-маил комуникацијата не е содржано никакво дополнитечно дејствие коешто укажува дека во моментот на вршење на увид на лице место кај тужителот, постоела дефинирана деловна соработка согласно член 7 од Законот.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган Надица Четорошка изјави: во целост останува кон наводите изнесени на расправата и му прдложи на насловниот суд, да го одбие тужбеното барање на тужителите и во целост да го повтврди решението на Комисијата.Во завршни зборови претставникот на тужениот орган Јане Ќука се приклучи кон завршниот збор на Надица Четорошка.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: оспореното Решение П.П.бр.13-59/12 од 04.07.2025 година, електронска комуникација помеѓу тужителот и Магрони од 16.11.2024 година и 24.02.2025 година, Тековна состојба на име тужителот од 07.08.2025 година (11 страни), Одговор на тужба бр.09-59/15 од 15.09.2025 година, Заклучок П.П.бр.13-59/1 од 14.03.2025 година на КОП, Записник бр.13-59/2 од 14.03.2025 година на КОП, Потврда П.П.бр.13-59/3 од 14.03.2025 година на КОП, електронска комуникација помеѓу претставникот на тужениот Јане Ќука и Магрони, доставување на заклучок за поведување на прекршочна постапка до Рептил Дооел увоз-извоз Скопје бр.13-59/7 од 07.04.2025 година, Заклучок за поведување поведување на прекршочна постапка П.П.бр.13-59/6, доставување ориогинал тековна состојба од тужителот до КОП од 10.04.2025 година, Тековна состојба на име тужитлеот - 13 страни од 10.04.2025 година, доставување на известување за утврдена фактичка состојба до тужителот бр.13-59/10 од 09.05.2025 година, Произнесување со забелешки-приговор по известување за утврдена фактичка состојба од 21.05.2025 година, доставување на Решение бр.13-59/12 од 04.07.2025 година во прилог со повратница, Договор за деловна соработка бр.0307/573 од 27.09.2024 година, Анекс кон Договор бр.03-324/2 од 27.09.2024 година, Договор за деловна соработка бр.0307-599 од 27.09.2024 година, Договор за деловна соработка бр.0307-1420 од 04.10.2022 година, Договор за деловна соработка помеѓу Рептил Дооел и Електродистрибуција Скопје, Анекс кон Договор од 13.02.2025 година, Договор за купопродажба на производи од 20.07.2023 година бр.0307/601 од 27.09.2024 година, Договор за деловна соработка бр.0307/566 од 27.09.2024 година, Прилог бр.1 кон Договор за деловна соработка склучен на 27.09.2024 година, Договор за деловна соработка бр.0307-265 од 27.09.2024 година, Договор за снабдување на земјоделски и прехрамбени производи од 25.09.2024 година, Договор за деловна соработка бр.432/63 од 14.03.2025 година.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита оспореното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите од тужбата, одговорот на тужба и наводите истакнати на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Видно од списите во предметот произлегува дека на ден 14.03.2025 година на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 став 2, член 30 став 1 и член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Сл.весник на РСМ бр.145/10...16/2025) како и член 9 став 3, член 10 и член 19 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Службен весник на РСМ бр.66/24) бил донесен Заклучок ПП.бр.13-59/1 од 14.03.2025 година, за прибавување на докази на лице место кај тужителот Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

Контролата е вршена во присуство на претставници на РЕПТИЛ и тоа: Даница Личанин Блажеска – управител, Билјана Николовска- извршен заменик директор и Јованка Трајкова – комерцијален директор. На прашањето од претставниците на Комисијата, дали РЕПТИЛ води регистар на добавувачи кои доставуваат безалкохолни пијалоци и води, одговорното лице навело дека имаат регистар на сите добавувачи при што листата на добавувачи била доставена на увид. Од страна на овластените лица биле побарани копии од договорите склучени со добавувачи, при што е назначено дека истите треба да се со важност од 01.01.2025 година и тоа: ДПТУ Кожувчанка, Магрони ДОО Скопје, Еуродистрибуција ДООЕЛ, Пивара А.Д Скопје, ДПТУ Кола ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, Горска ДООЕЛ, ДППУ Вивакс ДОО Скопје и Еуро-Грандс ДООЕЛ. Согласно барањето од претставниците на комисијата биле доставени копии од последно важечките договори со ДПТУ Кожувчанка, Магрони ДОО Скопје, Еуродистрибуција ДООЕЛ, Пивара А.Д Скопје, ДПТУ Кола ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, Горска ДООЕЛ и ДППУ Вивакс ДОО Скопје, а истата ги известила претставниците на Комисијата дека во текот на денот по електронска пошта дополнително ќе достави и важечки договор со добавувачот Еуро Гранд. Одговорното лице Даница Личанин Блажеска истакнала дека други договори за наведените добавувачи не поседуваат бидејќи се во преговори за потпишување. Дополнително од претставниците на Комисијата бил побаран увид во деловодната книга на РЕПТИЛ со цел да се направи увид во начинот на архивирање на побараните договори со наведените добавувачи. Од присутните лица од РЕПТИЛ било одговорено дека водат електронска деловодна книга, но во истата не се заведени договори со важност од 01.01.2025 година, со претходно наведените добавувачи. За време на прибавувањето на докази претставниците на Комисијата составиле Записник ПП.бр.13-59/2 од 14.03.2025 година и Потврда ПП.бр.13-59/3 од 14.03.2025 година, во кои биле наведени разговараните теми како и одземената документација/договори со добавувачите на РЕПТИЛ. Договорот на РЕПТИЛ со добавувачот Еуро Грандс бил доставен до Комисијата по електронски пат со допис бр.13-59/4 од 14.03.2025 година.

Со цел утврдување на постоење на евентуален прекршок од член 26 став 1 точка 1 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), Комисијата направила анализа на прибавените податоци во дотогашниот тек на постапката при што утврдила дека договорите помеѓу РЕПТИЛ и добавувачите (ДПТУ Кожувчанка, Горска ДООЕЛ, ДППУ Вивакс ДОО Скопје и Еуро Грандс ДООЕЛ) било наведено дека времетраењето на договорите е на неопределено време, при што доставениот Договор со добавувачот Еуро-Грандс не се однесувал на периодот од 01.01.2025 година туку овој договор е склучен и доставен по електронски пат до Комисијата на 14.03.2025 година на денот на контролата. Во договорите со добавувачите (Магрони ДОО Скопје, Еуродистрибуција ДООЕЛ и ДПТУ Кола ДООЕЛ) договорната деловна соработка помеѓу РЕПТИЛ и овие субјекти не се однесувала и не го опфаќа периодот по 01.01.2025 година. Така, договорот со Еуродистрибуција ДООЕЛ е за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, а договорот со ДПТУ Кола ДООЕЛ е за периодот од 27.09.2024 година до 31.12.2024 година. На 07.04.2025 година, со цел утврдување на тоа дали постои тековна деловна соработка помеѓу тужителот РЕПТИЛ и некои од наведените добавувачи кај кои е утврдено дека периодот регулиран во прибавените договори е истечен, од страна на Комисијата со допис пратен по електронски пат ПП.бр.13-59/5 од 07.04.2025 година до Магрони ДОО Скопје, било побарано произнесување по однос на тоа дали Магрони ДОО Скопје има склучен Договор за деловна соработка со РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој е со важност во 2025 година и кога бил склучен и дали во периодот по 01.01.2025 година Магрони ДОО Скопје има доставувано производи кои се опфатени со листата на земјоделски и прехранбени производи согласно Законот за нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи. На 07.04.2025 година од страна на Магрони ДОО Скопје по електронски пат бил доставен одговор на дописот при што било посочено дека сеуште немаат склучен писмен договор за деловна соработка со РЕПТИЛ, но кон РЕПТИЛ тековно доставуваат производи кои се опфатени со листата на земјоделски и прехрамбени производи согласно Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24).

Врз основа на доставените и анализирани податоци и информации на ден 07.04.2025 година од страна на Комисијата бил донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка против РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ПП.бр.13-59/6 од 07.04.2025 година, за евентуален сторен прекршок по член 26 став1 точка 1 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), кој бил уредно доставен до тужителот со допис ПП.бр.13-59/7 од 07.04.2025 година. На 09.05.2025 година, согласно дотогаш утврдените заклучоци, било донесено Известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-59/9 од 09.05.2025 година, кое со допис ПП.бр.13-59/10 од 09.05.2025 година било доставено до сега тужителот РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

На 21.05.2025 година, тужителот РЕПТИЛ ДООЕЛ до Комисијата доставил Произнесување со забелешки - приговор по известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-59/11 од 21.05.2025 година. Во произнесувањето е наведено дека во Известувањето за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-59/9 од

09.05.2025 година било наведено дека договорите треба да се со важност од 01.01.2025 година, но не било наведено дека речиси сите договори имаат важност дали на определено дали или неопределено време. Исто така, наведено е дека дел од договорите биле изготвени од страна на самите добавувачи, а посочени биле и одредби од Законот за облигационите односи кои би биле примениливи со оглед на нејасната одредба во врска со времетраење на Договорот опфатена со член 7 став 2 точка 6 од Законот. Во поткрепа на наводите доставуваат и соодветна е-маил комуникација со добавувачот Магрони. Исто така, тужителот наведува и дека и да потпишеле договор со Магрони неможеле да ја натераат другата страна да го потпише истиот договор. Понатаму, наведено е и дека голема е разликата помеѓу имање на договор со непредвидени општи услови помеѓу договорните страни и немањето на никаков договор. Согласно наведеното смета дека немањето на договор неможе да се смета како прекршок согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот бидејќи законодавецот предвидел казна само во случај кога во договорот не биле предвидени општите деловни услови помеѓу договорните страни, а не предвидел казна за немањето на договор.

По извршената анализа на дотогаш прибавените информации и податоци а имајќи го предвид и произнесувањето, Комисијата констатирала дека во Известувањето за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-59/9 од 09.05.2025 година јасно биле наведени периодите на важност на сите прибавени/доставени договори помеѓу РЕПТИЛ ДООЕЛ и добавувачите, притоа наведувајќи и членови од договорите или анексите кон истите кои посочуваат на евентуално продолжување на договорите на неопределено време. Согласно одредбите од законот не е одредено која од договорните страни мора, може или треба да го изготви текстот и формата на договорот и затоа нејасно било посочувањето од страна на РЕПТИЛ ДООЕЛ дека некои од договорите се изготвени од самите добавувачи. РЕПТИЛ ДООЕЛ во своето произнесување доставил и соодветна е-маил комуникација, иако истата не била доставена до Комисијата за одлучување по прекршок. Во произнесувањето дека голема е разликата помеѓу имање на договор со непредвидени општи услови помеѓу договорните страни и немањето на никаков договор, Комисијата утврдила дека истото е уште една потврда дека помеѓу РЕПТИЛ ДООЕЛ и Магрони ДОО постоела тековна деловна соработка и по истекот на договорот кој бил со важност до 31.12.2024 година. Оваа соработка воопшто не била регулирана со договор склучен во писмена форма, т.е Договор кој ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос помеѓу добавувачот и купувачот согласно одредбите од законот.

Имајќи го во предвид констатираното, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата го донела сега оспореното решение ПП.бр.13-59/12 од 04.07.2025 година со кое се утврдува дека тужителите Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и одговорното лице во правното лице Даница Личанин-Блажеска од Скопје, сториле прекршок по член 26 став 1 точка 1 и член 26 став 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24) за кој прекршок на правното лице му е изречена глоба во износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, а на одговорното лице во правното лице изречена му е глоба во

износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, која сторителите се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, на соодветните уплатни сметки на Министерството за финансии – банка на примач –НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата, во спротивно ќе се спроведе присилна наплата.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителите поради следното:

Согласно член 7 став 1 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи(Службен весник на РСМ.бр.66/24), Договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

Согласно член 7 став 2 Договорот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни, а особено мора да содржи одредби за:1) цената на земјоделскиот и/или прехранбениот производ и начинот на определување или пресметување на цената; 2) квалитетот и видот на земјоделскиот и прехранбениот производ што се доставува до купувачот;3) условите и роковите за испорака на земјоделските и прехранбените производите кои се предмет на договорот; 4) условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехранбени производи; 5) местото на испорака на земјоделските и прехранбените производи; 6) времетраењето на договорот и 7) престанување и раскинување на договорот.

Согласно член 7 став 3, покрај условите од ставот (2) на овој член, во договорот за снабдување од ставот (1) на овој член мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно со член 8 од овој закон.

Согласно член 7 став 4, со општите деловни услови од ставот (3) на овој член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

Согласно член 7 став 5, Општите деловни услови од ставовите (3) и (4) на овој член се обврзувачки за договорните страни од ставот (1) на овој член.

Согласно член 21 став 1 и 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, Со цел на учесниците во постапката да им се даде можност да се изјаснат за фактите и околносите од значење за утврдување на фактичката состојба, Комисијата за одлучување по прекршок, пред закажување на усната расправа, на учесниците им доставува известување за дотогаш утврдената фактичка состојба. Согласно став 2 Учесниците во постапката имаат право писмено да се изјаснат

по наводите содржани во известувањето од ставот (1) на овој член, да дадат забелешки и да предложат изведување на доказите со кои располагаат а кои, според нив, се од значење за правилно утврдување на фактичката состојба во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

Согласно член 24 став 1 точка 1 од истиот закон, откако Комисијата за одлучување по прекршок во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување, донесува:1) решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција

Согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице кое во својство купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, ако: во договорот за снабдување на јасен и недвосмислен начин не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од овој закон; Согласно став 2 од истиот член Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

Согласно член 28 став (1) од наведениот закон, при одмерување на глобата се земаат предвид: (1) тежината на прекршокот; (2) времетраењето на прекршокот (3) опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот. (2) Комисијата за одлучување по прекршок при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Во конкретниот случај при одлучувањето тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законските одредби кога врз основа на истите го донел оспореното решение ПП.бр.13-59/12 од 04.07.2025 година со кое тужителите правилно се огласени за прекршочно одговорни за сторен и казнив прекршок по член 26 став 1 и 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), при што за сторениот прекршок на тужителите правилно им е изречена глоба во износ во износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата за правното лице, и глоба во износ од 350,00 евра во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата на одговорното лице во правното лице во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата.

Имено, видно од списите во предметот и согласно наведените законски одредби, судот констатира дека тужителите сториле повреда на одредбите од член 7 и 26 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на

снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), на начин што немале склучен Договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи со добавувачот МАГРОНИ ДОО Скопје сметано од 01.01.2025 година, кој ги содржи општите деловни услови меѓу договорните страни, а деловната соработка се одвивала тековно.

За сторениот прекршок биле изготвени Заклучок ПП.бр.13-59/1 од 14.03.2025 година, за прибавување на докази на лице место кај тужителот Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Записник бр.13-59/2 од 14.03.2025 година на Комисијата за утврдување на прекршок, Потврда П.П.бр.13-59/3 од 14.03.2025 година на Комисијата за утврдување на прекршок, како и Заклучок за поведување на прекршочна постапка против РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ПП.бр.13-59/6 од 07.04.2025 година, кои биле уредно примени од страна на тужителите видно од доставниците во предметот, а врз основа на дотогаш утврдените заклучоци, со цел на учесниците во постапката да им се даде можност да се изјаснат за фактите и околносите од значење за утврдување на фактичката состојба, на тужителите согласно член 21 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, им е доставено Известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-59/9 од 09.05.2025 година, кое со допис ПП.бр.13-59/10 од 09.05.2025 година било доставено до сега тужителот РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и по кое во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето, тужителите писмено се изјасниле со свои забелешки и докази со цел правилно утврдување на фактичката состојба.

Исто така, при изрекувањето на прекршочната санкција – глоба, тужениот орган ги ценел сите докази и сите околности кои влијаат врз висината на изречената глоба согласно одредбите од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), односно при одмерувањето на висината на изречената глоба, прекршочниот орган врз основа на извршен увид во тековна состојба правилно утврдил дека тужителот РЕПТИЛ ДООЕЛ е категоризиран како голем субјект, и имајќи ги предвид сите олеснителни и отежнителни околности како и тежината, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот правилно им одмерил глоба со која ќе се постигне целта на казнувањето.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителите, меѓутоа ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување од причини што во конкретниот случај електронската комуникација помеѓу тужителот РЕПТИЛ ДООЕЛ и добавувачот МАГРОНИ ДОО не претставува доказ дека помеѓу тужителот и добавувачот е склучен неформален договор согласно одредбите од член 18 од Законот за облигационите односи. Ова од причини што, членот 7 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), кој во конкретниот случај претставува lex specialis јасно и прецизно предвидува дека договорите меѓу купувачите и добавувачите мораат да бидат склучени во писмена форма и да содржат јасни и недвосмислени општи деловни услови, односно истите мора да бидат формални договори со задолжителни елементи. Судот цени дека целта на обврската за склучување на овие договори во писмена

форма  и јасно утврдени услови е токму да се спречат ситуации на неформалност кои создаваат правна несигурност  и простор за нефер трговски практики.

Со оглед на сето погоре изнесено, Судот утврди дека тужбата на тужителите е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови („Сл.Весник на РСМ" бр.96/19).

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ" бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Пресудено во Управен суд на 23.12.2025 година, под УПРК.бр.22/2025.

Записничар –Судски советник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите солидарно да платат судска такса за одлука  во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија,  банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави до:
- тужителите преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет – Судија
м-р  Есма Алибашиќ Јонуз

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 5 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник
5